# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ПОДНЕСЕ БАРАЊЕ ДО АГЕНЦИЈАТА ЗА

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И РУРАЛЕН РАЗВОЈ,

# ПО КОЕ ИСТОТО БЕШЕ ОДОБРЕНО

*08.07.2019*

.

Општина Демир Хисар ќе реализира дел од проектите со помош на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на Република Северна Македонија, со што ќе се овозможи:

- Изградба на сообраќајни површини - улици во с. Базерник - I фаза (вкупна вредност 1.379.250,00 денари);
- Изградба на општински пат, локален патен правец од с. Граиште до Манастир Св. Тома, крак пат с. Вардино до Манастир Св. Тома (вкупна вредност 12.663.003,00 денари);
- Адаптација на хидрофорска куќарка со замена на хидроопрема во н.м. Ново Село (вкупна вредност 309.415,00 денари).

Во тек е постапка за Јавна набавка во согласнот со Законот за јавни набавки.

„Огромна благодарност до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со што ќе се подобрат условите и начинот на живеење во населените места с. Граиште, Базерник и Ново Село.
Ги подобруваме условите за живеење на граѓаните во Општина Демир Хисар, и максимално посветено според потребите ќе настојуваме на реализација на сите предвидени Проекти кои ќе бидат во интерес на граѓаните.
Ветувањата ги исполнуваме, чекориме напред кон поголеми успеси и кон решавање на

сите горливи проблеми во населените места на територијата на Општина Демир Хисар, за поквалитетен живот во градот.
Посветено и вредно, ова се значајни проекти за натамошниот развој на општината, а во наредниот период ќе се дореализираат сите нови предложени иновативни развојни и економски мерки во интерес на општината“, изјави градоначалникот Стојановски.

.

**Линк:**

https://mia.mk/2019/07/opshtina-demir-hisar-so-novi-investiciski-proekti/